ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТУДЕНТИТЕ КОИ СЕ ПРЕД ДИПЛОМИРАЊЕ

Почитувани колеги,

Ве известуваме дека пред поднесувањето на вашиот дипломски труд, нема потреба лично да носите пријави и индивидуално да ги контактирате професорите за да ви ги внесат оценките во индекс за испитите кои сте ги полагале во летниот семестар 2019/2020 година, а кои поради специфичноста на здравствената состојба и минимизирање на ризиците по вашето здравје не ги доставувавте во материјална форма при пријавувањето, односно при нивното полагање.

Доволно е при поднесување на вашиот дипломски труд во службата на студентски прашања, да доставите индекс и пополнети пријави за сите испити од летниот семестар 2019/2020 година, а службата за студентски прашања по службена линија ќе ги извести професорите и ќе обезбеди потпишување на пријавите и внесување на оценките во индекс. По комплетирање на вашето досие ќе бидете известени за терминот за одбрана на дипломскиот труд.

Сите останати студенти пријавите за испитите кои ги полагале во јунската испитна сесија или ќе ги полагаат во следната август/септемвриската испитна сесија треба да ги доставaт при заверката на семестарот и уписот на следниот семестар во Септември, 2020 година. За точните термини за заверката на семестарот ќе бидете навремено известени преку соопштение на веб страницата на факултетот и преку порака испратена преку iKnow системот.

Ви благодариме за соработката.

Служба за студентски прашања